НОВ и Револуцијата", но од оправдани причини тие не можеа да учествуваат во работата на собирот.

Во 12 часот на 17 март 1978 година, д-р Бранко Трпеновски со еден мал пригоден говор го затвори научниот собир.

Овој собир претставува предизвик за наука и акција, подлога за научно-истражувачка работа, истакна д-р Трпеновски.

Во име на Организациониот одбор тој изрази благодарност на учесниците на собирот, на учесниците на манифестациите и на сите други, кои придонесоа за успешната и плодна работа на собирот.

По завршните зборови, членовите на литературниот клуб „Мугри" приредија рецитал од револуционерната поезија за Тито. Истиот беше подготвен од м-р Атанас Вангелов.

На крајот можеме слободно да заклучиме дека собирот заврши со успех. Организацијата на собирот предзвидела сè што е можно и нужно за успешна работа. Учесниците на собирот беа мошне задоволни од програмата којашто беше разноврсна по својата содржина, интересна и корисна. Заслужува внимание и фактот дека рефератите беа на високо научно ниво, содржајни и коректни.

Исцрпните реферати, поднесени на овој научен собир, сестрано и од сите аспекти ја осветлија личноста и делото на овој наш генијален ум.

Овој научен собир, посветен на гигантот на нашата современа историја, нека биде уште еден поттик за проучување на неговото творештво, уште една прилика да се потсетиме на неговите ставови, мисли и пораки, кои со своето значење ги надминуваат границите на нашата земја и стануваат своина на сите оние на кои мирот и слободата им се егзистенционална потреба.

Нада ЈУРУКОВА

## СИМПОЗИУМ

## БОГОМИЛСТВОТО НА БАЛКАНОТ ВО СВЕТЛИНАТА НА НАЈНОВИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Во рамките на проектот на УНЕСКО за унапредување на проучувањето на словенските култури, Македонската академија на науките и уметностите, Српската академија на науките и уметностите, Академијата на науките и уметностите на Босна и Херцеговина и Црногорската академија на науките и уметностите, на 30, 31 мај и 1 јуни 1978 година во Скопје, организираа симпозиум на тема: „Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања".

Ова верско учење кое што преминало во масовно социјално движење на селанството сè уште го држи во напрегнатост вниманието на историчарите не само на Балканот, туку и во целиот свет,

Иако досега многу е пишувано во историографијата за потеклото на богомилството и неговиот карактер, за неговата територијална распространетост и организација, за неговиот одраз во фолклорот и во другите области од духовниот живот на нашите народи, сепак голем дел од богомилската проблематика останува и до ден денеска нерешена. Тоа се должи пред се на недоволната архивска документација зачувана од самите богомили, која во прогоните од страна на тогашните државни и црковни власти е уништувана безмилосно, па научните работници се принудени да се служат со граѓата на нивните непријатели која секако ги претставува богомилите во најлоша светлина.

Организаторите на овој симпозиум сметаа дека еден собир од специјалисти по оваа проблематика би придонел многу да се изврши, ако не една потполна рекапитулација на сè што е во најново време постигнато, барем да се продлабочат и доточнат некои аспекти од досега објавената литература за богомилството.

Точното време и место на неговото настанување, составните елементи и влијанија на поранешните верски учења во него, причините за неговата појава и развој, класниот карактер на неговите носители и на неговите опоненти, неговиот одраз и остатоци во народното творештво, даде можност за учество на овој научен собир на повеќе стручњаци од оваа област.

Овој еминентен меѓународен собир во името на четирите Југословенски академии го отвори акад. Љубен Лапе, претседател на Меѓуакадемскиот организационен одбор. Потоа присутните на симпозиумот ги поздрави и им пожели плодна и успешна работа претседателот на Југословенската комисија за соработка со УНЕСКО, Душко Поповски. Во отсуство на ректорот, присутните на собирот од името на универзитетот ги поздрави проф. д-р Александар Андреевски.

Ова е прв научен собир што се одржува на оваа проблематика во светот и навистина е погодна околност што се одржува во Македонија, која била жариште на богомилството. Ова верско учење подоцна се карактеризира со мошне нагласена социјална компонента. Тоа се простирало на Балканско-анадолскиот простор, проширувајќи се во Западна Европа, но во сите области на Балканот, тоа се јавува периодично, додека на македонскиот простор континуирано трае до втората половина на петнаесетиот век. Условите за неговата појава треба да се бараат, како што се истакна на собирот, во постоењето на старите дуалистички ереси и во економските предуслови. Тоа претставува отпор на обесправените селани кон феудалното малцинство.

Во настојувањето да се открие вистинската суштина и карактер на богомилството, а во недостаток на јасно зацртаните норми на неговото учење од самите богомили, научните работници честопати застапувале сосема спротивни гледишта и во остри дискусии настојувале да ги заштитат своите погледи и ставови. Како резултат на досегашните

истражувања се појавиле и некои општи дела и посебни статии кои во голема мера ги збогатиле нашите сознанија за богомилството и неговото учење. Но сепак останале бројни поединости кои се од огромно значење за целосното решавање на богомилскиот проблем на чие што објаснување треба уште многу да се истражува со творечки приод. За важноста на богомилската проблематика говори и фактот што сите горе наведени Југословенски академии со задоволство ја прифатија иницијативата на Македонската академија на науките и уметностите со заедни напори и усилби да биде организиран еден научен собир посветен целосно на темата на богомилите, под високото покровителство на УНЕСКО.

Во текот на трите работни дена беа прочитани вкупно 20 реферати. Покрај учесниците од СР Македонија и СФРЈ, на собирот свои резултати од истражувањата презентираа и научни работници од следниве странски земји: СССР, Бугарија, САД, Франција и Турција.

Врз основа на прочитаните реферати и дискусијата што се одвиваше по прочитувањето на рефератите може да се констатира дека симпозиумот овозможи да се согледаат разновидните аспекти кон расветлувањето на богомилството во другите земји каде што тоа се појавило. Се разбира, повеќе прашања од оваа интересна проблематика и понатаму остануваат дискутабилни и недоволно разјаснети, но сигурно е дека овој значаен научен собир ги определи насоките за истражувањата врз сè уште недоволно расветлените прашања. Покрај тоа, значењето на изнесените резултати и соопштенија на учесниците чии што трудови ќе бидат објавени во посебен зборник, секако поцелосно ќе ги регистрира постигнувањата на научниците кои се занимаваат со оваа проблематика.

Во работата на симпозиумот со свои реферати зедоа учество следниве референти:

Во уводниот реферат, д-р Драгојловиќ од Белград зборуваше за две основни прашања: генезата на богомилството и начинот како тоа се развило и одвоило од другите присутни ереси и континуитетот на богомилското движење кој единствено е целосен во Македонија, додека во другите места каде што се појавило тоа имало неконтинуиран развиток. Ова авторот го докажува врз основа на собраната изворна граѓа.

Проф. Генадиј Литаврин од СССР, во својот реферат се задржа на две битни страни на богомилството: односот на религиозната доктрина на учењето на богомилите, и социјалната страна на нивната активност и социјалниот состав на основната маса на приврзениците на богомилството.

Во својот реферат под наслов „Класниот и социјалниот карактер на богомилите" м-р Драган Ташковски го прикажува богомилското движење како револуционерно и класно-социјално движење.

Врз основа на изворна документација проф. д-р Стјепан Антољак во своето излагање на те-

ма „Македонските еретици во западните извори од XI и XII век" подвлече дека кон крајот на XI век богомилството било раширено, развиено и организирано во одделни делови на Македонија, а како центар на оваа еретичка активност, тој го наведува денешното село Асамати крај Преспанското Езеро.

Задржувајќи се врз писмата на Теофилакт Охридски, проф. д-р Бранко Панов во својот реферат „Кон некои прашања за богомилството во Македонија во време на Комнените" изнесе на виделина повеќе веродостојни податоци за богомилството во Македонија и во другите соседни земји, за времето на Алексеј I Комнен.

Д-р Евгениј П. Наумов говореше на тема „Српските средновековни извори за богомилството (Кон оценките и граѓата во историографијата)" Меѓу другото тој истакна дека е потребна понатамошна текстолошка обработка на српските извори, посебно нивниот состав, терминологија и датирање.

Дописниот член на Бугарската академија на науките, Димитар Ангелов од Софија зборуваше за „Односите на богомилството на Бугарија" при што се задржа врз прашањето на суштината на богомилството, неговото поврзување со христијанската религија, посебно со погледите на христијанството, кои ги одразуваат мислите и разбирањата на угнетените луѓе. Тој во своето излагање ги акцентира елементите на рационализмот, кој веќе ги надминува рамките на црковниот поглед кон светот.

Претставникот од Турција, д-р Емел Есин во својот реферат „Меѓусебните врски на богомилството со Централно-азиското манихејство" побуди живо интересирање бидејќи нејзиното излагање беше пропратено со илустрации за заедничките црти и врски помеѓу богомилството и манихејството.

Д-р Вера Антиќ од Скопје, во своето документирано излагање „Дуалистички траги во македонскиот фолклор" истакна дека дуалистичките траги во македонското народно творештво може да се сметаат како третостепени извори за богомилството.

Д-р Патрик Л'как од Франција говореше на тема „Придонесот од изучувањето на „стечците" од Босна и Херцеговина: дали стелите од Лаврагус се катари", задржувајќи се врз неговите најнови истражувања на стечците во Босна и Херцеговина. Слична проблематика третираа и рефератите на акад. Алојз Бенац „Историски поглед кон изучувањето на стечците", доп. член Сима Ќирковиќ „Глосите на Евангелието од Сречковиќ и учењето на Босанската црква", доп. член Воислав Ѓуриќ „Босанската средновековна минијатура", Нада Милетиќ „Стечците — археолошки и ликовен аспект" и на Салих Алиќ „Босанските „крстјани" — прашањето на нивното потекло и односи спрема нео-манихејството".

Проф. д-р Борислав Примов од Бугарија зборуваше на тема „Ширењето и влијанието на богомилството во Европа", при тоа нагласувајќи за неговата распространетост, карактер и сл.

Учесникот од САД, д-р Џон Фајн во својот реферат под наслов „Резултатите од моите најнови истражувања за Босанската црква" ги соопшти најновите истражувања за Босанската црква.

Вонредниот професор Вера Гереsдорфер од Задар, во својот реферат „Катари-богомили-трубадури" говореше за односите: катари-богомили-трубадури.

Д-р Александар Стојановски од Скопје, во својот реферат под наслов „За една можна трага од богомилството во турските пописни книги од XV век" презентира некои изворни траги од богомилството во турските пописни книги од XV век.

Дејан Богдановиќ кој живее и работи во Париз, Франција, говореше на тема: „Богомилството како аспект на југословенските цивилизации во рамките на образованието на универзитетот во Париз (ИНКЛО). Богомилството како предмет на научна вулгаризација во Франција".

Бројот на поднесените реферати говори за се поголемиот интерес на научните работници од земјата и од странство за богомилската проблематика.

Насловите на рефератите и излагањата на учесниците беа разновидни и побудија живо интересирање. Рефератите презентирани на симпозиумот од повеќе аспекти ја осветлуваат не само историјата на богомилството, од неговата појава овде на овој терен, во X век, пред ширењето на Балканот, па и на запад, до неговата најизразита манифестација во верскиот, политичкиот, и воопшто во духовниот живот на Јужните словени.

Покрај поднесените реферати се разви мошне плодна и конструктивна дискусија, во која беа изнесени резултати од научните истражувања на поодделни прашања што досега не беа доволно разјаснети. Некои од проблемите беа решени, некои добро осветлени, а некои се иницирани за решавање во иднина.

Во дискусијата зедоа учество повеќе дискутанти. И во излагањата и во дискусијата беа искажани најразлични мислења, некои од нив и контраверзни, но сепак не го изменија нивниот карактер при што целосно беше почитувана личноста на референтите.

По завршувањето на теоретскиот дел на симпозиумот, за учесниците беше изведена дводневна екскурзија низ Македонија при што беа посетени културно-историските споменици на древниот Охрид, античкиот град Хераклеја, Прилеп и Стоби.

На завршниот ручек што се одржа во ресторанот на хотелот „Епинал" во Битола, претседателот на Меѓуакадемскиот организационен одбор, акад. Љубен Лапе го искажа своето задоволство од резултатите на собирот, заблагодарувајќи им се на учесниците, поздравувајќи ги уште еднаш и пожелувајќи им среќен пат. При тоа беа разменети здравици, при што беше истакнато големото задоволство, пред се на научните работници од странство, за мошне успешната организација на собирот, со искрени ветувања дека од Скопје и Македонија си заминуваат со најубави импресии и спомени. Деновите поминати во Скопје на симпозиумот ка-

ко и на екскурзијата и разгледувањето на значајните историски места и културни споменици поминаа во атмосфера на видна колегијалност, разбирање, топлина и срдечност.

Истовремено работата на симпозиумот покажа колку почитувањето на националниот идентитет на културите позитивно влијае во отстранувањето на тешкотиите во продлабочувањето на соработката, колку благотворно се одразува за постојано збогатување на фондот на научните осветлувања и согледувања.

Во своите настојувања да придонесе кон што покомплетно презентирање на богомилството, а по повод одржувањето на симпозиумот, Македонската академија на науките и уметностите во почетокот на мај 1978 година го објави заедничкиот труд на д-р Драгољуб Драгојловиќ и д-р Вера Антиќ под наслов „Богомилството во средновековната изворна граѓа“. Оваа студија е прва од ваков вид во нашата и во светската наука, базирана врз целовитоста на зачуваните извори.

Средствата за јавно информирање за цело време го следеа симпозиумот, што претставува уште еден доказ дека интересот за богомилството како недоволно проучено движење сред научната јавност беше мошне голем.

Овој факт говори за сè поголемиот интерес што постои за истражувањето на општествено-историските и културните услови и околности што го условија богомилското движење и богатството на облиците низ кое учењето и залагањето на богомилите се изразувало во различните земји на Балканот и надвор од овој регион.

Успешната работа на симпозиумот, одзивот на големиот број научни работници од повеќе земји — специјалисти за оваа проблематика, сето тоа е уште еден речит показ дека организерањето на вакви меѓународни собири и размената на мислења по одделни проблеми даваат мошне корисни резултати.

Благој СТОИЧОВСКИ